# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 4/2020
## 02.03.2020 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Акционен план за реализација на активности од енергетска ефикасност на општина Неготино за 2020 година**

Се објавува **Акционен план за реализација на активности од енергетска ефикасност на општина Неготино за 2020 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.02.2020 година.

Бр.09-185/1
02.03.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

# 0ПШТИНА НЕГОТИНО

## Акционен план за реализација на активности од енергетската ефикасност

## за 2020 година

**Акционен план** за енергетската ефикасност во **2020 година** на општина Неготино

| Ред бр | Проект/активност | Ц ел | Финансирано од | Корисник | Приближна вредност на инвестицијата (€) | Период на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Улично осветлување замена на дел од постоечки светилки со штедливи | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | IPA - фондови | Општина Неготино | 275 450 | II квартал / 2020 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 2 | Дислокација на мерни броила и автоматика од трафостаници на ЕВН надвор во стандардизирани ормари | Заштеда на енергија, | IPA - фондови | Општина Неготино | 25 000 | II квартал / 2020 | Заштеда на енергија преку примена на софистицирана автоматика |
| 3 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на | Заштеда на енергија, подобрена енергетска | Сопствени средства | ООУ„Гоце Делчев“ Неготино, ПУ | 11 000 | III квартал | Подобрување на термо енергетските карактеристики на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | дел од зграда | ефикасност | | Долни Дисан | | | зградата и намалена потрошувачка на енергенс за загревање помала емисија, на гасови во атмосферата |
| 4 | Топлинска изолација на таван | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ПОУ„ Страшо Пинџур “, с.Војшанци | 700 | III квартал | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 5 | Модернизација на внатрешното осветлување | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ПОУ„ Страшо Пинџур “, с. Војшанци | 500 | III квартал | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 6 | Топлинска изолација на таван | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ПОУ„ Страшо Пинџур “, с.Криволак | 850 | III квартал | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 7 | Модернизација на внатрешното осветлување | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ПОУ„ Страшо Пинџур “, с.Криволак | 850 | III квартал | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Топлинска изолација на таван | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ПОУ„ Страшо Пинџур “, с. Пепелиште | 850 | III квартал | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 9 | Модернизација на внатрешното осветлување | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ПОУ„ Страшо Пинџур “, с. Пепелиште | 850 | III квартал | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 10 | Модернизација на внатрешното осветлување | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | ООМУ „Владимир Арсовски“ Неготино | 150 | III квартал | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 11 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на дел од зграда | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Од влада на РСМ | ЈОУГД „Фемо Кулаков“ клон „Мајски цвет“ | 52 000 | 2020 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на зградата и намалена потрошувачка на енергенс за загревање помала емисија, на гасови во атмосферата |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Промена на стари и дотраени прозорци со нови енергетски ефикасни | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Од влада на РСМ | ЈКП „Комуналец“ | 2 000 | 2020 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 13 | Реконструкција на систем за греење | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Од влада на РСМ | ЈКП „Комуналец“ | 10 000 | 2020 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |

бр.08-160/3
28.02.2020
година

Член на Совет на Општина Неготино

Трајко Стафилов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука**
**за определување на ширина на крајбрежниот појас на река „Неготинска река“ во опфатот на Генералниот урбанистички план за Неготино**

Се објавува **Одлука за определување на ширина на крајбрежниот појас на река „Неготинска река“ во опфатот на Генералниот урбанистички план за Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.02.2020 година.

Бр.09-185/2
02.03.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од Законот за води („Сл. Весник на РМ“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12,23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 ) и член 25 став 1 од Стаутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 28.02.2020 , донесе:

# О Д Л У К А

за определување на ширина на крајбрежниот појас на река „Неготинска река“ во опфатот на Генералниот урбанистички план за Неготино

Член 1

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на река „Неготинска река“ во опфатот на Генералниот урбанистички план за Неготино, а заради заштита и одржување на природното речно корито.

Член 2

Ширината на крајбрежниот појас за бреговите на „Неготинска река“ во опфатот на Генералниот урбанистички план за Неготино, ќе изнесува 3,00 м. Крајбрежниот појас треба да се почитува, како заштитна зона, во планското решение од двете страни на секое уредено корито секаде каде е тоа можно.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е графички прилог –ситуација со траса на водотекот и референтни точки за регулација на води во опфатот на ГУП за Неготино во размер 1:5000 и геодетски кординати за:

- Од стационажа 0+000 до 0+453,38, дефинирана со почетни координати X= 4593199.44 и Y= 7591835.26 и крајни координати X= 4593597.31 и Y=7591629.51 со ширина на крајбрежен појас од 3,0м.
- И од стационажа 1 + 100,00 до 2+925,36 дефинирана со почетни координати X= 4594206,81 и Y=7591604,36 крајни координати X=4595631,16 и Y=7592577,15, со ширина на крајбрежен појас од 3,0м.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на општина Неготино, а по претходно добиена согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање.

бр.08-160/4
28.02.2020 година

Член на Совет на Општина Неготино
Трајко Стафилов с.р.

**СОДРЖИНА**

**Службен гласник бр. 4/2020**

1. Заклучок за објавување на Акционен план за реализација на активности од енергетска ефикасност на општина Неготино за 2020 година
2. Акционен план за реализација на активности од енергетска ефикасност на општина Неготино за 2020 година
3.Заклучок за објавување на Одлука за определување на ширина на крајбрежниот појас на река „Неготинска река“ во опфатот на Генералниот урбанистички план за Неготино
4. Одлука за определување на ширина на крајбрежниот појас на река „Неготинска река“ во опфатот на Генералниот урбанистички план за Неготино